Врз основа на Член 51 од Статутот на Федерацијата на планинарски спортови во Македонија (ФПСМ), на ден 19.06.2015 година Претседателството на Федерацијата на планинарски спортови на Македонија усвои

# ПРАВИЛНИК
# КОМИСИЈА ЗА ПЛАНИНАРСКИ ДОМОВИ

## Член 1

Правилникот на Комисијата за планинарски домови при ФПСМ ги регулира функциите, организацијата, работењето и меѓусебната поврзаност на Комисијата за планинарски домови со ФПСМ (во натамошниот текст: КПД) .

## Член 2

КПД е стручен орган во ФПСМ, која ги застапува интересите на планинарските организации и упатува, координира и промовира активности на подрачјето на планинарските куќи.
КПД работи во согласност со одредбите од Статутот на ФПСМ.

## Член 3

КПД се состои од претседател и четири членови.
Претседателот на КПД го избира претседателството на ФПСМ.
Членовите на комисијата ги предлага претседателството на ФПСМ.
КПД се состанува по потреба, но најмалку еднаш годишно.
КПД има кворум ако присуствуваат најмалку половина од членовите, а одлуката се носи со мнозинство гласови на присутните членови.
За спроведување на одлуките одговорноста е на претседателот на КПД или на другите членови на КПД.

## Член 4

Функции на Комисијата, утврдени со Статутот на ФПСМ и Деловникот за работа на ФПСМ се:
- усмерува, координира и промовира активности во областа на планинарските куќи со тоа што ќе обезбеди значителна поддршка за работата на ФПСМ.
- врши преглед на барања до ФПСМ за поддршка на клубови или индивидуалци за планинарските куќи
- врши преглед на понуди за превземање на планинарски куќи
- врши увид во работата на планинарските куќи
- предлага доделување на натпис ,,планинарска дом,, според П Р А В И Л Н И К за управување, работење и опремување на планинарските куќи
- организира активности поврзани со унапредување на работата на планинарските куќи
- се грижи да обезбеди обука за стручен назив ДОМАР и за другите стручни лица за одговорно и безбедно спроведување на активности во планинарските куќи
- се грижи за поврзување на комисиите во рамките на ФПСМ и сродни организации во Република Македонија и во странство, во согласност со принципите на меѓународната соработка во ФПСМ
- имплементира одлуки на Претседателството и на Собранието на ФПСМ
- меѓу два состанока, исто така, ја врши својата задача и помага во работата на ФПСМ
- одржува листа на планинарски куќи,
- подготвува предлог финансиски план за нивната област и ја испраќа на Претседателството на ФПСМ

- води грижа за рационално користење на средствата
- предлага програма за активности, ја организира и ја води таа програма,
- води и организирање  курсеви, семинари, предавања и други форми на едукација за подобрување на работата на планинарските куќи
- именува и разрешува подкомисии и други постојани или повремени работни тела
- врши и други работи во согласност со овај Правилник и Статутот на ФПСМ.

Член 5

Задачи на претседателот на КПД се да:
- го потврди и прилагоди изборот на членови на комисијата.
- ја претставува и ја застапува Комисијата во рамките на нејзината област на работа,
- ја води работата на комисијата,
- води грижа за соработка и координација помеѓу комисиите во ФПСМ  при спроведувањето на заеднички задачи како и соработка со слични организации во Република Македонија, во координација со претседателството на ФПСМ.

Член 6

Претседателот на Комисијата учествува во подготовка на материјали и инструменти за спроведувањето на програмата, политиката и оперативната контрола на Комисијата. За таа цел работи заедно со претседателот на ФПСМ.

Член 7

Претседателот на КПД назначува секретар за вршење должности во согласност со неговиот опис, и е одговорен за одредени задачи на Комисијата:
- да присуствува на состаноците и да забележува тек на искази, освен ако не е поинаку назначено
- редовно ги следи тековните проблеми во функционирањето на Комисијата, со посебен акцент на обука на стручен кадар и надополнување на знаењето во работата на планинарските куќи
- работејќи заедно со Претседателот на Комисијата, уредува документи од состанок и други дополнителни документи,
- врши административна или техничка работа за Комисијата, координира функции во оваа област и ја уредува персоналната евиденција, архивата на комисијата и
- врши други функции по задача на комисијата.

Член 8

КПД доделува признание и диплома за исклучителни достигнувања во работата и функционирањето на планинарските куќи.
Критериумите и начинот на доделување на награди се уредува со Деловникот за работа на признание и диплома за заслуги во развојот на планинарските куќи.

Член 9

Комисијата ги спроведува своите активности во рамките на програмата за работа донесена за тековната година или одреден термин. На крајот на календарската година, или ако се побара порано, ќе изготви извештај за работа .

Член 10

Правилникот ќе стапи на сила кога ќе биде одобрен од страна на претседателството на ФПСМ и влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во известувањата на ФПСМ.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила од датумот на изгласување од страна на претседателството на ФПСМ.

Датум: одржана седница на Претседателството на ФПСМ на ден 19.06.2015 година.

| | |
|---|---|
| Живко Темелкоски | Проф. Д-р. Јовица Угриновски |
| Претседател на КПД | Претседател на ФПСМ |